Државен инспекторат за животна средина
http://www.sei.gov.mk/

Решение бр. ИП1-08-121
Датум 12.04.2023год.

Државниот инспекторат за животна средина преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор Друштво за производство, трговија и услуги Бучим ДОО Радовиш со седиште Ул.„Маршал Тито" 66 Радовиш застапувано од управител Олег Чусовитин и со Записник број ИП1-08-121 од 12.04.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 , член 28,126 и 198 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021)., го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1) Се задолжува субјектот на надзор Друштво за производство, трговија и услуги Бучим ДОО Радовиш да постапи по препораки и мерки дадени во елаборатот бр. 14-105/1 од 07.04.2022год. за анализа и стабилност и функционалноста на браната Тополница
2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 90(деветдесет) дена од приемот на решението.
3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.
4) Жалбата изјавена против ова решение, не го одлага неговото извршување согласно член 240 став 6 од Закон за води. При поднесување на жалба потребно е да се доставaт во прилог на жалбата целокупната приложена документација во копија верна на оргинал наведена во образложение од ова решение

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 230 став 1 став 2 став 3 , член 28,126 и 198 од Закон за води („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/2010, 51/2011, 44/2012, 23/2013, 163/2013, 180/2014, 146/2015 и 52/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2021).преку Главен водостопански инспектор Лидија Зафировска, со службена легитимација број рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год, изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор надзор Друштво за производство, трговија и услуги Бучим ДОО Радовиш со седиште Ул.„Маршал Тито" 66 Радовиш застапувано од управител Олег Чусовитин и со Записник број ИП1-08-121 од 12.04.2023 година, во кој е констатирано:

Во инспекцискиот надзор на ден 12.04.2023год. год. во правното лице Бучим се изврши теренски увид и увид во документација притоа се констатира следното: Рудникот Бучим согласно член 29 од Закон за води користи вода од бунар за техничка потреба за управна зграда со дозвола бр. УП1 бр.11/5-162/2020 од 22.10.2020год. по која постапува. Има поднесено барање на нови бушотини со бр. 14-73/1 од 03.03.2022год.

Има оперативен план доставен до МЖСПП бр. 16-234/1 од 12.09.2022год. за заштита од поплавен бран за хидројаловиште Тополница има позитивно мислење од МЖСПП со бр. 11-6761/2022 од 21.12.2022год. потребно е да одговорат и останатите надлежни институции согласно член 126 од Закон за води

Правното лице согласно член 198 од Закон за води има Елаборат заведен со бр. 01-99/1 од 04.04.2022год. за анализа и стабилност и функционалноста на браната Тополница со придружните објекти и стабилноста на теренот околу браната и езерото за 2021год. Во овој елаборат изработен од универзитет Гоце Делчев Штип каде се оценува браната е стабилна и потребно е да се следи и контролира состојбата на хидројаловишната брана. Истиот е доставен

Решение бр. ИП1-08-121
Датум 12.04.2023год.

до надлежно министерство и Комисија за брани. Одобрен е од МЖСПП со решение бр. УП1-11/5-675/2022 од 01.08.2022год. Препораките како мерки во елаборатот за 2021год. треба да се спроведат во најкус рок.

Во елаборатот за 2022год. заведен под број 1701-84/2 од 29.03.2023год. кој треба да се достави во законски рок до надлежно министерство се дадени истите препораки и мерки од 2021год. Во делот на исполнување на обврските правното лице треба да достави известување за постапување по наведените мерки од горенаведени елаборати.

Редовно врши анализи на отпадни води согласно оваа дозвола. Отпадните води според последниот извештај од февруар 2023год изработени од Технолаб Скопје прикажува дека нема надминување на гранични вредности согласно А интегрирана еколошка дозвола Исто така има и годишен извештај за лабараториски анализи за 2022год при што испуштањето на вода е под граничните вредности.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивотна ова решение.

ПРАВНА ПОУКА

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина под број ИП1-08-121 од 12.04.2023година

Главен водостопански инспектор
Лидија Зафировска
рег.бр.06-0021 од 19.02.2020год